Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ КОЈ ИЗВРШУВА ДОЛЖНОСТИ ВО ВЕТЕРИНАРНАТА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на воениот и цивилниот персонал кој извршува должности во ветеринарната служба во Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст. Армијата).

Член 2

Висината на додатокот на плата од член 1 од овој правилник, за началникот на ветеринарната служба во Генералштабот на Армијата, изнесува -250 бодови.

Висината на додатокот на плата од член 1 од овој правилник, за вработените во Центарот за обука на кучиња на Армијата, изнесува и тоа:

- за дипломиран ветеринар- 200 бодови,
- за командир, главен инструктор, инструктор-дресер-150 бодови,
- за ветеринарен техничар- 150 бодови и
-за водач или одгледувач на службено куче (професионален војник или цивилен персонал, кои не се ветеринарни техничари)-120 бодови.

Висината на додатокот на плата од член 1 од овој правилник, за вработените во Воено медицинскиот центар, како дипломирани ветеринари, изнесува-200 бодови.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-3051/1
22-06-2020
Скопје

Министерка за одбрана,
Радмила Шекеринска- Јанковска